ДКСК КSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
08 - 1844/4
27 -08- 2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива Државната комисија за спречување на корупцијата на 22-та седница одржана на ден 27.08.2025 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-1844/1 од 02.07.2025 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-1844/1 од 02.07.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот со број 08-1844/1 од 02.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, од причина што Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатирала дека лицето ___________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата __________________ не поднела анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата. Поради тоа, на колегиумот одржан на ден 02.06.2025 година Државната комисија за спречување на корупцијата донела заклучок да иницира прекршочна постапка против именуваното лице, за сторен прекршок по член 82 ст.3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Согласно со член 41 став 1 и 4 од Законот за прекршоци ( Службен весник на РСМ бр 96/19 и 253/23 ) Прекршочната постапка не може да се води ако поминат две години од денот на последното дејствие на прекршокот и застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.

Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителите не е поведена,

настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Заменик Претседател

м-р Цвета Ристовска

**Изготвил:** К.Б, помлад соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор